## A. Mitrović, Jugoslavija na konferenciji mira, 1919—1920. Beograd, 1969, 279

Отворањето на дипломатските архиви за периодот на Париската мировна конференција создаде поволни можности за комплексно проучување на проблемите поврзани со текот и решенијата на оваа конференција. Тоа се однесува и до историјата на југословенските народи, чиешто третирање зеде видно место на оваа меѓународна конференција и за кое постои огромен фонд на архивски материјали. Затоа и ја поздравуваме иницијативата на авторот да се зафати со обработката на оваа тема. Меѓутоа, наместо да оди кон ползување на еден вака комплексно богат материјал, авторот на оваа студија, само ги исползува материјалите од југословенските архивски фондови и од објавената документација. Токму тој потход се одразил врз основната концепција на неговиот труд. Имено, веднаш се констатира некомплексно разработување на проблемот и ненавлегување подлабоко во многубројните аспекти поврзани со поставеноста на југословенското прашање на овој меѓународен форум. Особено мошне бегло е разработено прашањето на Македонија и поставеноста на македонското прашање на оваа конференција. Со оглед на главниот наслов на книгата, авторот на оваа студија бил должен да изложи покомплексен и постудиозен осврт за овој толку интересен период од историјата на сите југословенски народи.

Студијата се состои од уводен дел и од 14 поглавја, со прилози. Во неа главно е разработена дејноста на делегацијата на Кралството СХС на конференцијата на мирот. Потенциран е составот на нејзината делегација, нејзината дејност и застапеност на конференцијата, прокламирањето на начелата на југословенската политика, односите спрема другите делегации, проблемот за границите, односот кон социјалистичката револуција во Унгарија, проблемот за Хасбурзите, одговорноста за војната, заштитата на малцинствата и слободата на транзитот. Во заклучокот е разработено прашањето на престанување дејноста на делегацијата на СХС на мировната конференција. Во прилозите се внесени списоците на делегацијата, документацијата за реперациите и извештаите на претседателот на делегацијата.

Во уводниот дел на студијата авторот директно оди на поставеноста на југословенскиот проблем на Париската мировна конференција, без да ја услови таа поставеност во нејзините општествено-политички и национални основи. Се чувствува недостаток во самиот пристап кон темата. Не се изложени основните контури на проблемот, и тоа — кои биле причините да се постави тој проблем на конференцијата и во што се состоеле спецификите во тогашниот развиток на југословенските народи, што нашло одраз и во нивниот третман на самата конференција.

Во основното излагање повеќе се разработува формалното поврзано со составот и организацијата на делегацијата на СХС и нејзината застапеност на конференцијата за мир, отколку суштинските проблеми. Што се однесува до Македонија, бегло е спомнато дека во делегацијата на СХС немало Македонци (sic! стр. 38) и дека биле приложени карти на Македонија. (стр. 43)

Во разгледувањето на проблемите што ги третирала конференцијата не е одделен македонскиот проблем и интересот на СХС за него, а исто така и како проблем што бил третиран на конференцијата, особено во нејзините комисии и комитети. Во третманот на границите не се поаѓа од познатото дека империјалистичките сили се стремеле да извршат ново прекројување на европската карта, а од своја страна и балканските буржоазии го примениле тој принцип во грабежот и распарченоста на Македонија, туку се оди кон површна разработка. Дури и јадранскиот проблем, како и проблемот за Истра, Корушка и Словеначкото Приморје и др., не се разработени во еден комплесен вид. Кога се тре-

тира проблемот за границите со Бугарија (стр. 131—134), дескриптивно се анализира проблемот, а не се навлегува подлабоко во неговата суштина. Во тој контекст проблемот за границите со Грција и Албанија не се разработува. На сличен третман е подложен и третманот на малцинствата. Сè на сè на овој проблем му се посветени близу 5 страници, а на Македонија — 15 реда (sic! стр. 205). Овој проблем на конференцијата бил третиран мошне опстојно и во него македонското прашање било поставено на поподлабочено разгледување. Во оваа студија тоа нашло само делумно толкување. Се акцентира дека СХС се стремела да се избегне меѓународната гаранција за Македонија и заштитата на малцинствата. Таа меѓународна заштита ќе ја оневозможела „србизацијата на оваа област.“ (стр. 205) Авторот смета дека „. . . тие говореле (членовите на делегацијата на СХС — м.б.), дека се плашеле од меѓународната заштита на малцинствата, бидејќи се сомневале оти може да е од полза за бугарската пропаганда во Македонија, и тоа го говореле искрено. Меѓутоа — продолжува авторот — колку Србите од владата и од делегацијата и да се плашеле од бугарската пропаганда во Македонија, тие пред сè се плашеле од какво било одземање на оваа покраина од полниот суверенитет на владата во Белград. Во целиот овој отпор за заштитата на малцинствата треба да се види уште еден чист психолошки фактор, пак врзан за Србите.“ (стр. 205). Со овие констатации авторот воопшто не го расветлил проблемот на македонското прашање, што било поставено на разгледување на конференцијата. Тоа било потребно да се разгледа во општиот глобален проблем на малцинствата и да се извлече, притоа, консеквенцата за условената поставеност на македонското прашање како малцинско прашање. Зависноста на другите фактори и интереси, како и тенденцијата за поинакво разгледување на македонското прашање и посебно ангажманот на македонските општествено-политички фактори за правилно и во полза на самиот македонски народ решение, не наоѓа место во оваа студија.

На студијата ѝ недостига заклучок од кој да се види основната рекапитулација на третираниот проблем. Исто така, во книгата не е внесен индекс, што мошне тешко го отежнува ракувањето со неа.

Студијата не дава образложен преглед на третираниот проблем, туку со ползување на нецелосен архивски материјал, а на богата литература, се прави еден осврт на ова интересно прашање од историјата на Југословенските народи. Токму затоа се среќаваат и низа празнини. Нарочно тоа е очебијно во разгледувањето на проблемот за Македонија и за македонското прашање.

*Х.А.-П.*

## Zgonik Mavricij, Zgodovina v sodobni šoli
Državna založba, Ljubljana 1968, 347.

Покрај методиката на J. Демарин, на Ф. Финк, А. Жерјав и на Марија Врбетиќ, во минатата година излезе од печат уште една методика од југословенски автор Маврициј Згоник. Ова е несомнен знак за нагорничавиот од и развиток на методиката на наставата по историја во нашата земја, која токму ова го регистрира во последниве години. Преводите, пак, на методиките од советските автори Стражен и Вагин и Сперанска, по иницијатива на Сараевскиот завод за издавање учебници, говори за засиленото интересирање и за задоволување на една насушна потреба од стручна литература, се прави еден осврт на ова како во основните, така и во средните училишта. Од своја страна, состојбата на наставата по историја која е предимно вербалистична, и